# Процедури за доделување Годишни награди на Македонска берза

## 1. Цел

Целта на оваа процедура е утврдување на категориите на годишни награди кои Берзата ги доделува, како и утврдување на критериумите при избор, составот на комисиите и постапката за доделување на истите.

## 2. Доделување на награди

Годишните награди на Македонска берза се доделуваат традиционално на крајот на календарската година, во месец декември.

За категориите каде што е потребно да се аплицираат квантитативни критериуми за избор на победниците, како период за пресметка би се земал од првиот работен ден во годината до вториот петок во месец декември во тековната година за која се доделуваат наградите.

Координатор на постапката за доделување на годишни награди на Берзата е Директорот на Секторот за развој, промоција и односи со јавноста.

## 3. Категории за доделување на годишни награди на Македонска Берза

### 3.1. Акција со најголем промет

Наградата во оваа категорија се доделува врз основа на објективни квантитативни критериуми, со цел во јавноста да се препознае најтргуваната акцијата на пазарот во текот на анализираниот период.

При креирање на ранг-листата во оваа категорија се земаат предвид следниве квантитативни показатели:

1. Промет од редовно тргување во БЕСТ системот - вкупен обем на промет во денари, остварен преку нормални[1] трансакции, не вклучувајќи ги блок трансакциите.
2. Фреквентност на тргување -процент на денови во кои со акцијата е тргувано во рамки на редовното тргување, во однос на вкупниот број на денови на тргување во периодот. За вклучување во рангирањето, акцијата мора да има минимум 33% од број на денови на тргување од вкупниот број на денови на тргување во анализираниот период.

При креирање на ранг листата се земаат предвид само акции од издавачи котирани на Официјалниот пазар на Берзата кои го исполнуваат критериумот за фреквеност на тргувањето.

[1] За потребите на овие Процедури под поимот „нормални трансакции„ се подразбираат трансакциите од редовното тргување во БЕСТ системот.

Акција со најголем промет е акцијата која е прво рангирана на листата.

## 3.2. Акција со најголем пораст на цената

Наградата во оваа категорија се доделува врз основа на објективни квантитативни критериуми, со цел во јавноста да се препознае акцијата со најголем пораст на цената во текот на анализираниот период.

При креирање на ранг-листата во оваа категорија се земаат предвид следниве квантитативни показатели:

3. **Пораст на цената на акцијата** – При пресметката се зема официјалната дневна просечна цена остварена на последниот ден на тргување во анализираниот период и се споредува со официјалната дневна просечна цена остварена на последниот ден на тргување од претходниот период. Промената на цената се пресметува според следнава формула:

   (Официјална дневна цена на крајот на тековниот период- Официјална дневна цена на крајот на претходниот период)/ Официјална дневна цена на крајот на претходниот период.

   Порастот на цената се изразува во проценти (%).

4. **Фреквентност на тргување** -процент на денови во кои со акцијата е тргувана на редовниот пазар, во однос на вкупниот број на денови на тргување во периодот. За вклучување во рангирањето, акцијата мора да има минимум 33% од број на денови на тргување од вкупниот број на денови на тргување во анализираниот период.

При креирање на ранг листата се земаат предвид само акции од издавачи котирани на Официјалниот пазар на Берзата кои ги исполнуваат двата критериуми.
Акција со најголем пораст на цената е акцијата која е прво рангирана на листата.

## 3.3. Акција со најголем пораст на прометот

Наградата во оваа категорија се доделува врз основа на објективни квантитативни критериуми, со цел во јавноста да се препознае акцијата со најголем пораст на ликвидноста на пазарот во текот на анализираниот период.

При креирање на ранг-листата во оваа категорија се земаат предвид следниве квантитативни показатели:

5. **Промет од редовно тргување во БЕСТ системот** - вкупен обем на промет во денари, остварен преку нормални трансакции. Прометот во анализираниот период се споредува со прометот остварен минатата година. Порастот на прометот се пресметува според следнава формула:

   (Промет од редовно тргување во тековниот период- Промет од редовно тргување во

претходниот период /Промет од редовно тргување во претходниот период.

Порастот на цената се изразува во проценти (%).

6. **Фреквентност на тргување** -процент на денови во кои со акцијата е тргувана на редовниот пазар, во однос на вкупниот број на денови на тргување во периодот. За вклучување во рангирањето, акцијата мора да има минимум 33% од број на денови на тргување од вкупниот број на денови на тргување во анализираниот период.

При креирање на ранг листата се земаат предвид само акции од издавачи котирани на Официјалниот пазар на Берзата кои ги исполнуваат двата критериуми.

Акција со најголем пораст на прометот е акцијата која е прво рангирана на листата.

## 3.4. Членка на годината

Наградата членка на годината се доделува за остварувањата коишто овластените учесници на македонскиот пазар на хартии од вредност ги имаат постигнато во прометот од редовно тргување во БЕСТ системот, прометот остварен од блок трансакции и вкупниот бројот на трансакции реализирани на берзата во двете категории (нормални и блок трансакции). При рангирањето на членка на Берзата се земаат во предвид и евентуални дисциплински мерки изречени од страна на Берзата или Комисијата за хартии од вредност спрема членката.

Во рамките на оваа категорија се доделуваат три награди.

За секој поединечен критериум се прави соодветно рангирање, при што членката со најголема остварена вредност по критериум добива максимални поени, додека членката со најмала вредност по соодветниот критериум добива минимални поени. Максималниот износ на бодови по поединечен критериум зависи од вкупниот број на членки на крајот на годината за која се врши соодветно рангирање. Рангирањето на членките се врши со утврдување на вкупен износ на бодови кои членките ги добиле врз основа на трите критериуми: прометот од редовно тргување во БЕСТ системот, прометот остварен од блок трансакции и бројот на трансакции реализирани на берзата во двете категории. При утврдување на ранг листата се зема во предвид и критериумот изречена мерка од страна на Берзата или Комисијата за хартии од вредност спрема членката.

| Бр. | Критериум | Опис | Максимални бодови |
|---|---|---|---|
| 1 | Промет од редовно тргување во БЕСТ системот | Вкупен промет остварен од редовни трансакции на официјалниот пазар | 11* |
| 2 | Промет од блок трансакции | Вкупен промет остварен преку блок трансакции | 11* |

| Бр. | Критериум | Опис | Максимални бодови |
|---|---|---|---|
| 3 | **Број на трансакции реализирани на берзата** | Вкупен број на реализирани трансакции (редовни + блок) | 11* |
| 4 | **Изречена мерка** | Ако членката има изречена мерка од Берзата или КХВ, ѝ се додаваат негативни поени | 0 |

*Со оглед дека моментално Берзата има 11 членки, овој број е предмет на промени согласно промените на бројот на членките.

Критериумот „изречена мерка“ подразбира дека на членката и се доделуваат негативни поени и тоа во зависност од типот на изреченета мерка во разгледуваниот период и тоа:

- Опомена резултира со одземање на 3 поени;
- Јавна опомена резултира со одземање на 5 поени;
- Парична казна резултира со одземање на 7 поени;

Поените според сите четири категории се собираат и се утврдува конечната ранг листа на членки.

Првите 3 членки од оваа ранг листа, односно членките со најголем број на бодови добиваат награди и тоа првата членка добива награда Златна членка на годината, втората добива награда Сребрена членка на годината и треторангираната членка добива награда Бронзена членка на годината. Доколку две членки имаат ист број на бодови, наградата ќе ја добие членката која има поголема вредност кај првиот критериум, односно поголем промет од тргување во БЕСТ системот.

## 3.5. Награда за придонес во областа на едукацијата и развојот на пазарот на хартии од вредност

Наградата се доделува на субјекти кои со своето делување, во конкретниот случај преку своите едукативни или други активности придонеле за развој на македонскиот пазар на хартии од вредност во одредена календарска година.

## 3.6. Најтранспарентно котирано акционерско друштво

Со цел промовирање и поттикнување на транспарентно работење и навремено објавување на информации во јавноста од страна на котираните акционерски друштва, Берзата ја доделува наградата за најтранспарентно котирано акционерско друштво. Оваа награда овозможува препознавање во јавноста на издавачите на хартии од вредност коишто се

пример за добро корпоративно комуницирање со инвестициската и пошироката јавност. Оттука, во насока на добивање на подетален увид како се оценува транспарентноста на котираните компании во пошироката заедница се доделуваат две награди за транспарентност и тоа за:

- Најтранспарентно котирано акционерско друштво на Берзата по избор на пазарните учесници;
- Најтранспарентно котирано акционерско друштво на Берзата по избор на новинарите.

Критериуми за оценување на најтранспарентно котирано акционерско друштво на Македонска берза кои се земаат во предвид од страна на Комисиите за избор се следните:

- Изработка на годишен извештај на друштвото и негов квалитет
- Примена на Кодексот за корпоративно управување на Берзата;
- Обем на информации на интернет страницата на друштвото;
- Начин на комуникација на друштвото со јавноста и пазарните учесници;
- Квалитет на објавени и јавно достапни информации

Комисијата за избор составена од пазарните учесници и Комисијата за избор составена од новинари вршат избор на најтранспарентно котирано акционерско друштво на Берзата од листата на 10 котирани друштва, претходно селектирани од страна на стручната служба на Берзата, врз основа на нивната транспарентност во текот на календарската година, односно бројот и структурата на објавените известувања преку СЕИ-Нет и нивниот квалитет, квалитетот на објавениот годишен извештај за работењето на друштвото, примената на Кодексот за корпоративно управување, квалитетот на интернет страницата на друштвото итн.

Периодот на вреднување на котираните акционерски друштва за наградата за најтранспарентно акционерско друштво котирано на Берзата е тековната календарска година.

## 3.7. Акција на годината

Акцијата на годината е општа награда која се доделува на издавач на хартии од вредност, избран по неколку хетерогени критериуми, односно со гласање преку онлајн анкета на веб страната на еден интернет портал-партнер на Берзата за оваа награда и врз основа на квантитативни критериуми дефинирани во овие Процедури.

### Ранг листа на акции согласно квантитативни критериуми

Квантитативните критериуми за избор на акција на годината се: промет од редовно тргување во БЕСТ системот, број на трансакции од редовно тргување во БЕСТ, фреквентност на тргување, пораст на цената во анализираниот период, исплата на дивиденда и пазарен подсегмент. При утврдување на ранг листата се зема во предвид и критериумот изречена мерка од страна на Берзата спрема издавачот, односно доколку врз некој издавач има изречено мерка опомена, јавна опомена или мерката внесување на

листата за набљудување со цел да се обрне внимание на инвеститорската јавност поради посериозно непостапување од страна на издавачот согласно Правилата за котација. Листата со 10 акции во оваа категорија  кои ќе бидат номинирани од страна на Берзата, врз основа на остварениот промет, се прави на 30.11 во тековната година.

Рангирањето врз основа на квантитативните критериуми е:

1. Промет од редовно тргување во БЕСТ системот – акцијата која од почетокот на годината до вториот петок во месец декември во тековната година за која се доделуваат наградите, има најголем остварен промет во БЕСТ системот, како прво рангирана добива максимални 10 поени, второ рангираната добива 9 поени и така до десетто рангираната која добива 1 поен.
2. Број на трансакции од нормално тргување – акцијата која од почетокот на годината до вториот петок во месец декември во тековната година за која се доделуваат наградите, има најголем остварен број на трансакции во БЕСТ системот, како прво рангирана добива максимални 10 поени, второ рангираната добива 9 поени и така до десетто рангираната која добива 1 поен.
3. Број на денови на тргување (промет од редовно тргување) – акцијата која од почетокот на годината до вториот петок во месец декември во тековната година за која се доделуваат наградите, има најголем број на денови на тргување, при што се земаат само деновите кога има промет од нормално тргување, како прво рангирана добива максимални 10 поени, второ рангираната добива 9 поени и така до десетто рангираната која добива 1 поен.
4. Пораст на цената – акцијата која од почетокот на годината до вториот петок во месец декември во тековната година за која се доделуваат наградите, има најголем пораст на официјалната дневна просечна цена, како прво рангирана добива максимални 10 поени, второ рангираната добива 9 поени и така до десетто рангираната која добива 1 поен.
5. Исплата на дивиденда – акцијата која во тековната година исплатила дивидена добива по 5 поени.
6. Пазарен сегмент – акцијата која е на котирана на највисок пазарен подсегмент добива 3 поени, на понизок 2 поени и на најнискиот 1 поен.

Максималниот број на поени на ранг листата кои една акција може да ги добие согласно квантитативните критериуми е 48 поени.

| Критериум | Максимален број на поени | Пондер на поединечен критериум |
|---|---|---|
| Критериум 1 (1–10) | 10 | 20,83% |

| | | |
|---|---|---|
| Критериум 2 (1–10) | 10 | 20,83% |
| Критериум 3 (1–10) | 10 | 20,83% |
| Критериум 4 (1–10) | 10 | 20,83% |
| Исплата на дивиденда (0/5) | 5 | 10,42% |
| Котација на пазарен сегмент (1/2/3) | 3 | 6,25% |
| **Вкупно** | **48** | **100,00%** |

## Ранг листа на акции согласно онлајн анкета и гласање на инвеститорската јавност

Изборот на интернет порталот го прави Главниот Извршен директор врз основа на неговата релевантност во јавноста и медиумско покривање на Берзата. Листата со 10 акции за гласање во оваа категорија  кои ќе бидат номинирани од страна на Берзата, врз основа на остварениот промет, се прави на 30.11. година.

Анкетата трае максимум две недели. По завршување на тој период се врши рангирање на акциите врз основа на бројот на гласови од анкетата, при што максимум 10 поени добива акцијата со најголем број на гласови, додека 1 поен добива акцијата со најмал број на гласови.

## Конечна ранг листа согласно двете рангирања

За добивање на конечната ранг листа се врши сумирање на поените на ранг листата на акции од гласањето на јавноста и поените на ранг листата на акции согласно квантитативните критериуми дефинирани од страна на Берзата, при што учеството на поените од ранг листата добиена од јавноста е 20%, додека учеството на ранг листата на акции добиена согласно квантитативните критериуми е 80%. После сумирање на поените од двете листи согласно соодветните учества се добива конечната ранг листа. Акцијата со најголем број на поени согласно оваа методологија ја добива наградата акција на годината.

| Ранг листа | Извор на податоци | Опис | Учество во конечен резултат |
|---|---|---|---|
| **Ранг листа 1** | Гласање на јавноста | Резултати од онлајн гласање (процентуална распределба на гласови) | 20% |
| **Ранг листа 2** | Квантитативни критериуми на Берзата | Резултати добиени врз основа на претходно дефинирани критериуми | 80% |

| Критериум | Учество на поединечен критериум во рангирање |
|---|---|
| Критериум 1 (1–10) | 16,67% |
| Критериум 2 (1–10) | 16,67% |

| | |
|---|---|
| Критериум 3 (1–10) | 16,67% |
| Критериум 4 (1–10) | 16,67% |
| Исплата на дивиденда (0/5) | 8,33% |
| Котација на пазарен сегмент (1/2/3) | 5,00% |
| Јавност | 20,00% |
| **Вкупно** | **100,00%** |

Вкупно поени=(Поени од јавност×0.20)+(Поени од квантитативни критериуми×0.80)

Доколку две или повеќе акции имаат ист број на бодови, предност се дава на акцијата која има поголем остварен промет во БЕСТ системот во разгледуваниот период.

## 4. Работна група и Комисии за избор на добитници на годишните награди на Берзата

### 4.1 Работна група за избор составена од стручните служби на Берзата

Од Стручната служба на Берзата, согласно одлука од Главниот извршен директор, се формира работна група која врши селекција на листата од 10 котирани акционерски друштва од која подоцна се избира победникот во категоријата Најтранспарентно котирано акционерско друштво на Берзата и Акција на годината. Работната група изготвува записници од состаноците на кои се врши селекцијата на листата на котираните друштва од кои подоцна се избира победникот во категориите на наведените награди.

### 4.2 Комисија за избор на субјект со најголем придонес во областа на едукацијата и развојот на пазарот на хартии од вредност

Комисијата за избор на субјект со најголем придонес во областа на едукацијата и развојот на пазарот на хартии од вредност во следниот состав:

- Претставник од Одбор на директори на Македонска берза;
- Претставник од стручната служба на Македонска берза;
- Претставник на регулаторните институции;
- Претставник од пазарните учесници;
- Претставник од корпоративниот сектор;
- Претставник од високообразовна институција;
- Претставник од редот на експерти во областа на финансии.

Членовите на Комисијата се избираат од страна на Одборот на директори на Берзата. Членовите на Комисијата даваат предлози и одлучуваат за победникот во оваа категорија.

### 4.3 Комисија за избор на најтранспарентно котирано акционерско друштво на Берзата по избор на пазарни учесници

За изборот на најтранспарентно котирано акционерско друштво на Берзата по избор на пазарни учесници се формира Комисија за избор, составена од:

1. Двајца претставници на членките на Берзата;
2. Двајца претставници на инвестициски фондови;
3. Претставник на пензиските фондови;

Членовите на Комисијата се избираат од страна на Одборот на директори на Берзата. Комисијата за избор составена од пазарните учесници врши избор на најтранспарентно котирано акционерско друштво на Берзата од листата на 10 котирани друштва, претходно селектирани од страна на работната група составена од претставници на стручната служба на Берзата.
Членовите на комисија се состануваат, расправаат и предлагаат предлог за избор на победник во соодветната категорија. Комисијата одлучува за добитникот на наградата со мнозинство гласови на членовите. Комисијата составува записник за своето работење и одлучување.

### 4.4 Комисија за избор на најтранспарентно котирано акционерско друштво на Берзата по избор на медиумите

За изборот на најтранспарентно котирано акционерско друштво на Берзата по избор на новинарите составена од 5 претставници од медиумите.

Членовите на Комисијата се избираат од страна на Одборот на директори на Берзата. Членовите на Комисијата се избираат според нивната релевантност, професионално искуство и активно следење и обработка на темите поврзани со пазарот на капитал. Комисијата за избор составена од медиумите врши избор на најтранспарентно котирано акционерско друштво на Берзата од листата на 10 котирани друштва, претходно селектирани од страна на работната група составена од претставници на стручната служба на Берзата.
Членовите на комисија се состануваат, расправаат и предлагаат предлог за избор на победник во соодветната категорија. Комисијата одлучува за добитникот на наградата со мнозинство гласови на членовите. Комисијата составува записник за своето работење и одлучување.

## 5. Воведување на други категории на награди и доделување на други видови награди

Берзата може да воведе и други категории на награди различни од претходно наведените. Во зависност од тоа дали наградата се донесува врз основа на квалитативни или квантитативни критериуми, по потреба, се изработуваат соодветни методологии за доделување на наградите и /или се формираат соодветни комисии.

Берзата може самостојно да одлучи да додели повеќе или различни видови награди во

зависност од предлозите на членовите на комисиите , кои можат да носат различно име од оние наведени во категориите утврдени во овие Процедури (на пример, „плакета“, „признание“, „специјална награда“, „посебно признание“, итн.). Овие награди се доделуваат како знак на признание за заслуги или достигнувања важни за македонскиот пазар на капитал и/или Македонска берза АД Скопје, придонес кон развојните цели, поддршка на македонскиот пазар на капитал и/или за Берзата и други заслуги кои придонеле за функционирањето и за унапредување на позицијата и угледот на пазарот на капитал и/или Македонска берза АД Скопје во земјата и пошироко.

Берзата е задолжително го информира Одборот на директори за воведување на други категории или други видови награди различни од претходно наведените.